е-пошта: aktuar@aktuar.mk
www.aktuar.mk
Митрополит Теодосиј Гологанов 28/4
1000 Скопје

Во согласност со точка 4 од ***Процедурата за издавање на нови и промена на постоечки стандарди на актуарска практика на МАЗ Актуар,*** ИО на МАЗ Актуар ја донесува следнава

# ОДЛУКА
## за прифаќање на меѓународниот стандард на актуарска практика ISAP1

1. Назив на стандардот: Меѓународен стандард на актуарска практика 1 (ISAP1/ МСАП1).

   Овој стандард се однесува на *Општата актуарска практика*. Обезбедува насоки на актуарите при извршување на актуарски услуги заради пружање доверба на потенцијалните корисници на услуги дека:

   - Актуарските услуги се извршуваат професионално и со должна грижа,
   - Резултатите се релевантни на нивните потреби, претставени се јасно и разбирливо и се комплетни; и
   - Претпоставките и користената методологија се соодветно обелоденети.

2. Причината за прифаќање на овој стандард е зголемување на нивото на професионализам на извршените услуги од страна на членовите на МАЗ Актуар во поглед на:

   - Зголемување на довербата на корисниците на актуарски услуги ( Клиенти, клиенти на клиентите, власта, јавноста) извршени од актуарите кои работат по стандарди,
   - Подобрување на квалитетот на услугите на актуарите,
   - Обезбедување на поголема конзистентност во пристапот.

3. Овој стандард се прифаќа во целост и се преведува на македонски јазик. Датум на почеток на неговото преведување е 01.09.2017, а датум на почеток на неговата примена е 01.07.2018

е-пошта: aktuar@aktuar.mk
www.aktuar.mk
Митрополит Теодосиј Гологанов 28/4
1000 Скопје

4. За преведување на овој стандард ИО на МАЗ Актуар именува Комисија од три члена во состав:

    - Цветлана Винцензи Маркулевска
    - Сашо Станоески
    - Анета Гацовска

Скопје, 31.07.2017

Претседател на МАЗ Актуар

Владимир Бубалов